ГРАД СКОПЈЕ
09 - 12804
25. 11. 2024
Скопје

Врз основа на член 48 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) а во врска со членовите 40, 41 став 1 точка 2 и 41 став 2 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 102/2019) и член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 11/15, 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 303/20), Град Скопје објавува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС број 08/2024
## за пополнување на работно место со унапредување

**1.Раководител на Одделение за инспекциски надзор над животната средина во Град Скопје - Виш инспектор**, шифра ИНС0101Б04001, на ниво Б4, Одделение за инспекциски надзор над животната средина во Град Скопје, Сектор - Инспекторат на Градот Скопје - **број на извршители 1.**

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

**а. стручни квалификации:**

- ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Природно-математичките науки (биологија, физика, геофизика, географија, геологија, минерологија, хемија и биохемија), техничко-технолошките науки (архитектура, урбанизам и планирање, електротехника, електромашинство, енергетика, геодезија, градежништво и водостопанство, хемиско инженерство, хемиска технологија, индустриско инженерство и менаџмент, контрола на квалитет, машинство, материјали, металургија, применета геологија и геофизика, регулација и управување со технолошки процеси, рударство, животна средина), медицинските науки (фундаментални медицински науки и медицинска технологија), биотехничките науки (наука за земјиштето и хидрологија, заштита на растенија, растително производство, овоштарство, лозарство, ветеринарна медицина, добиточно производство (сточарство), рибарство, шумарство и хортикултура, преработка на дрво, биотехнологија и прехранбена технологија) и општествени науки (безбедност).

**б. работно искуство:**

- најмалку четири години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку една година како инспектор.

**в. општи работни компетенции на напредно ниво:**
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;

- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење и
- финансиско управување.

**г. посебни работни компетенции:**

- активно познавање на компјутерски програми за канцelariско работење;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

**Работно време**: 3 (три) смени од понеделник до недела, 40 часа неделно.
**Нето месечна плата**: **62.722** денари.

На интерниот оглас може да се јави инспектор, вработен во Град Скопје, кој ги исполнува горенаведените општи и посебни услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво согласно закон и актот за систематизација, како и:

- да се унапредува на работно место во повисоко ниво за ист вид на инспектор, согласно член 41 став 1 точка 2 од Законот за инспекциски надзор;
- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување на кое бил оценуван;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази:

- потврди за успешно реализирани обуки.
- потврди за успешно реализирано менторство.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, од денот на објавување на огласот.

Заинтересираните кандидати поднесуваат пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место (доколку истите ги немаат претходно доставено во персоналното досие) преку архивата на Град Скопје до Секторот за управување со човечки ресурси на адреса Град Скопје, бул.Илинден бр.82 како и до службената електронска адреса **cresursi@skopje.gov.mk** со назнака "за интерен оглас бр.08/2024" и реден број на работното место за кое аплицираат.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Секретарот на Град Скопје.

**НАПОМЕНА:** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

**Секретар на Град Скопје**

**Зоран Глигоров**